**ПОЧИТУВАНИ НАСТАВНИЦИ, УЧЕНИЦИ , РОДИТЕЛИ**

Согледувајќи ја потребата за усогласување на процесот за организирање и спроведување на натпреварите по различните наставни дисциплини, Министерството за образование и наука (МОН) во изминатиов период воведе измени Законот за основно образование. Согласно овие измени спроведена е постапка со која Сојузот на математичари на Македонија доби акредитација за организирање и спроведување на натпреварите по математика во основното образование. Постапката на лиценцирање, согласно законските измени неминовно доведе до промени во системот на натпревари, при што најзначајната промена во случајот на натпреварите по математика е тоа што организацијата, а со самото тоа и **учеството на регионалните натпревари** е условено со организирање на **општински натпревари**.

Имајќи го предвид претходно наведеното, и покрај временскиот теснец, заради усогласување на нашата дејност со законските прописи, неопходно е во следниот период учениците да учествуваат на општинските, регионалните и државниот натпревар, постапка во која ќе се селектираат учесниците на Македонската математичка олимпијада за учениците до 15,5, години, на која ќе се избере екипата за Јуниорската Балканска математичкиа олимпија 2014, чиј домаќин оваа година е нашата земја.

Се надеваме дека ќе имате разбирање за настанатата ситуација и ќе вложите максимален напор за успешно завршување на учебната година во делот натпреварите по математика, што како прв чекор подразбира организирање и учество на Општинскиот натпревар, кој ќе се одржи на 23.04.2014 година со почеток во 12 часот. Како и досега задачите за натпреварот и потребните материјали за негова реализација ќе бидат доставени од страна на Сојузот, со што обврска на училиштата од вашата општина е да обезбеди просторни услови за негова реализација и комисија за организарање и спроведување на натпреварот.

На крајот од ова наше обраќање да напоменеме дека непосредната организација на натпреварот ќе се одвива според Правилникот за организирање и изведување натпревари по математика во основното образование, кој во постапката на акредитација е одобрен од страна на МОН и кој заради ваше информирање на наоѓа на оваа web-страна.

Со почит

Претседател на СММ
Проф. д-р Алекса Малчески